ИЗГРАДБА НА ВАШИОТ АЕРОДРОМ

СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

MELBOURNE AIRPORT

Добредојдовте во нашиот редовен билтен на заедницата, за да ве информираме за операциите и проектите на Аеродромот Мелбурн, за плановите за писти, за можностите на аеродромот и за други слични вести.

Вашите коментари за работите што ви се важни се добредојдени.

За третата писта

Аеродромот Мелбурн гради трета писта што на Викторија ќе ѝ го обезбеди многу потребниот авионски капацитет, ќе поддржи илјадници нови работни места и на патниците и извозниците ќе им даде поголем избор. Проектот беше одобрен од федералната влада во септември 2024 година.

Пистата долга 3000 метри ќе биде изградена паралелно со постоечката писта север-југ и 1,3 километри западно од неа. Кога ќе биде предаден во употреба во 2031 година, системот на паралелни писти ќе овозможи истовремено полетување и слетување, што ќе помогне да се задоволи растечката побарувачка на патници и товар, ќе се намалат доцнењата, ќе ја поддржи конкуренцијата, а на постоечките и на новите воздухопловни компании ќе им обезбеди инфраструктура потребна за натамошен растеж.

Помогнете во обликувањето на планот на Аеродромот Мелбурн за споделување на бучавата

Аеродромот Мелбурн ги повикува жителите да го кажат своето мислење за тоа како ќе се управува со авионската бучава и како таа ќе се споделува откако ќе се изгради третата писта на аеродромот.

Независните консултантски фирми Trax и GHD се назначени да го развијат Планот за споделување на бучавата - шема за тоа како ќе се дистрибуира авионската бучава низ околните преградија, а да се одржува безбедно и ефикасно работење.

Во планот ќе се истражуваат различни модели на употреба на писти, како што се наизменична употреба на писти во одредено време, за да се осигура дека авионската бучава се споделува каде што тоа е можно, надвор од шпиц периоди и кога временските услови го дозволуваат тоа. Не секоја област ќе добие иста количина на авионска бучава, но целта е заедниците да имаат периоди на одмор од бучавата.

Планот за вклученост во споделувањето на бучавата е достапен на интернет страницата Major Projects Hub. Консултациите со заедницата ќе започнат во октомври и ќе вклучуваат средби онлајн и лице-в-лице, како и можности за доставување писмени коментари. Ќе бидат обезбедени материјали на разбирлив јазик, за жителите да можат да дадат информирани коментари за техничките опции што се разгледуваат.

Откако ќе се соберат коментари од заедницата, ќе се изработи нацрт-планот и потоа ќе биде споделен за консултација околу средината или до крајот на 2026 година. Нацрт-планот ќе биде разгледан од Airservices Australia пред да биде доставен до федералната влада на одобрување во почетокот на 2027 година.

За информации и детали како да се вклучите, видете на веб-страницата www.melbourneairport projectshub.com.au/noise-sharing-plan или користете го овој QR-код.

Во тек се градежните работи за надградба на патот Sunbury Road

Работите за надградба на патот Sunbury Road започнаа во септември како дел од почетната изградба на третата писта на Аеродромот Мелбурн. Надградбата ќе го подобри протокот на сообраќајот и безбедноста на возилата што влегуваат и излегуваат од аеродромот кога ќе започне изградбата на пистата во 2026 година.

Работите долж патот Sunbury Road вклучуваат поставување на привремена крстосница и семафори помеѓу кружните текови на Wildwood Road и Oaklands Road.

Се очекува проектот да трае околу 12 месеци. Аеродромот Мелбурн знае дека работите на патот може да предизвикаат вознемирување и им се заблагодарува на граѓаните за нивното трпение додека се изведуваат овие промени.

За најнови информации за сообраќајните промени за време на изградбата, видете на веб-страницата www.melbourneairportprojectshub.com.au/third-runway/disruptions-and-updates. Користете го овој QR-код за да дознаете повеќе.



Прва фаза: Сообраќајните ленти ќе бидат поместени на северната страна од патот



Втора фаза: Сообраќајните ленти ќе бидат поместени на јужната страна од патот

Трета фаза: Сообраќајните ленти ќе бидат разделени, а во средината ќе биде воспоставена работна зона.

Временска рамка за третата писта

2024	2025	2026	2027	2029	2030	2031	
Пистата е одобрена	Завршени се условите за референца на Студијата за здравјето на заедницата	Започнување на почетните градежни работи	Усовршување на Дизајнот за споделување на бучавата и Концептот за воздушниот простор	Поднесување на нацрт-план за намалување на бучавата и започнување на главните градежни работи	Студијата за здравјето на заедницата започнува (во очекување на одобрение од министерството)	Завршување на деталниот нацрт на воздушниот простор	Оперативна подготвеност и тестирање на третата писта	Предавање на пистата во употреба	Завршување на сите работи

Дали сакате да работите на Аеродромот Мелбурн?

Неодамна прогласен за најдобар аеродром во австралиско-пацифичкиот регион од страна на Skytrax трета година едноподруго, тимот на Аеродромот Мелбурн се зголемува како што се зголемува побарувачката на патници и товар. Скенирајте го QR-кодот за да видите список со тековни слободни работни места во областа на Аеродромот Мелбурн.

Дали знаевте?

Аеродромот Мелбурн постави четири преносни уреди за мерење на бучавата во заедниците St. Albans, Diggers Rest, Newport и Keilor. За да ги прочитате тримесечните извештаи, видете на веб-страницата www.melbourneairport.com.au/community/noise-contours-and-reports.

Консултации за Планот за намалување на бучавата се во тек

Аеродромот Мелбурн започна разговори со жителите во општините Hume и Brimbank за Планот за намалување на бучавата од третата писта, кој има за цел да го намали влијанието на бучавата од авиони врз жителите и чувствителните згради во заедниците кои се најблиску до аеродромот.

Сè уште се работи на дефинирање на границите на програмата, кои ќе се базираат на прогнозираната бучава од авиони, а овие податоци ќе бидат достапни во 2026 година. Аеродромот исто така истражува и споредува најефективни проекти за намалување на бучава од аеродроми ширум светот, за да се осигура дека планот користи проверени и ефикасни мерки. Овие мерки најверојатно ќе бидат преку подобрувања на згради, како што се изолација на покриви, двојно застаклени прозорци и подобрени заптивки.

Нацрт-планот ќе биде споделен со заедницата на почетокот на 2026 година, за да се добијат повратни информации кои ќе помогнат да се усоврши планот пред да се достави до федералната влада на одобрување кон крајот на 2026 година.

Кога планот ќе биде одобрен, Аеродромот Мелбурн ќе ги извести сопствениците и корисниците на засегнатите имоти.

Повеќе информации, вклучително временски рамки и одговори на често поставувани прашања, се достапни на веб-страницата www.melbourneairportprojectshub.com.au/noise-amelioration-plan-and-program. Користете го овој QR-код за да го посетите нашиот центар за проекти.

Број на патници

Аеродромот Мелбурн ја забележа својата најпрометна година за меѓународните патници во финансиската година што заврши во јуни 2025 година.

Меѓународни
11,953,262 ↑ 8.3% споредено со ФГ24

Домашни
24,198,353 ↑ 0.4% споредено со ФГ24

Вкупно
36,151,615 ↑ 2.9% споредено со ФГ24

Последна шанса да се приклучи на настанот „Спиење на паркингот“ (Car Park Sleepout)

Во среда, 16 октомври, Аеродромот Мелбурн повторно ќе го организира настанот „Car Park Sleepout“ – со цел да се соберат средства и да се подигне свеста за добротворните организации Juno и McAuley, кои им помагаат на жени, небинарни лица и деца што се соочуваат со семејно насилство и бездомништво.

Секоја ноќ, илјадници луѓе низ Австралија се приморани да спијат во автомобили или да бараат привремено сместување кај пријатели, поради тоа што бегаат од небезбедни домови.

Дознајте повеќе и пријавете се на веб-страницата www.melbourneairport.com.au/community/the-car-park-sleepout. Пријавувањето завршува на 9 октомври.

Завршени се нацрт-условите за Студијата за здравјето на заедницата

Студијата за здравјето на заедницата достигна важен момент - независни здравствени експерти ги завршија и поднесоа нацрт-условите за референца до федералната влада во септември 2025 година.

Овие услови за референца ќе водат студија за тоа како бучавата од авионите влијае врз здравјето на заедниците околу аеродромот, со тоа што ќе собира почетни податоци пред отворањето на новата писта и уште 20 години откако ќе почне да се користи.

Во последните месеци, тим од независни здравствени експерти од универзитетите Deakin и Liverpool спроведе обемна програма за консултации и истражувања. Овој процес вклучуваше:

- **Консултации во заедницата** со Melbourne Airport Community Aviation Consultation Group, претставници на групи од заедницата, училишта и установи за предучилишно образование, локални жители и бизниси, општини и Аеродромот Мелбурн
- **Книжевен преглед** на најнови студии, извештаи и проценки за здравствените ефекти поврзани со аеродроми
- **Експертски интервјуа** со национални и меѓународни експерти за влијанија врз здравјето и воздушниот простор

Условите за референца ќе бидат објавени откако ќе бидат одобрени од министерот.

Преглед од резултатите од консултациите е објавен на проектната веб-страница https://iht.deakin.edu.au/project/m3r-health-study/. Користете го овој QR-код за да ја посетите веб-страницата.

Следете ги најновите информации за големите проекти на Аеродромот Мелбурн

Центарот за големи проекти (Major Projects Hub) на Аеродромот Мелбурн е веќе активен! Тоа е вашето главно место за информации за најважните проекти на аеродромот, вклучително изградбата на третата писта.

Во центарот ќе најдете најнови вести, информативни листови, временски рамки и можности за консултации за проектите што ја обликуваат иднината на аеродромот.

Можете и да се пријавите да добивате вести преку имејл, а ќе ги добивате почесто отколку овој печатен билтен за заедницата.

Посетете го центарот Major Projects Hub денес на веб-страницата www.melbourneairportprojectshub.com.au и пријавете се за да останете поврзани.

Имате ли прашања?

Побарајте ја нашата нова мобилна приколка за информации што наскоро доаѓа на место близу вас. Дојдете за да поставите прашања и да се сретнете со тимот на следните настани:

Петок, 26 септември - од 9 ч. наутро до 5 ч. попладне Keilor Cup, Keilor Park Recreation Reserve, Stadium Drive, Keilor Park

Сабота,1 ноември - од 9 ч. наутро до 1 ч. попладне Woodend Community Farmers' Market, Cnr Forest and High Streets, Woodend

Недела, 30 ноември - од 11 ч. наутро до 4 ч. попладне Scottish Festival at Overnewton Castle 51 Overnewton Road, Keilor

Недела, 7 декември - од 6 ч. наутро до пладне Run2Cure, Palms Lawn, Albert Park

Не можете да дојдете лично?

Ако имате прашања за третата писта или за некој друг проект на Аеродромот Мелбурн, ве молиме контактирајте со нас преку имејл: **newrunway@melair.com.au** или на телефон: **(03) 9297 1597.**

Скенирајте го QR-кодот за да го посетите Преведувачкиот центар на Аеродромот Мелбурн.

Овој билтен е преведен на низа јазици.
За преведување, ве молиме контактирајте со нас на community@melair.com.au или јавете ни се на 03 9297 1597.

عربي

امسحوا رمز الاستجابة السريعة (QR code) لزيارة مركز الترجمة التابع لمطار ملبورن افتراضياً. إن هذه النشرة الإخبارية المجتمعية التي تصدر بانتظام تُبقيكم على اطلاع بآخر أخبار خطط المدرج الثالث في مطار ملبورن والأخبار الأخرى ذات الصلة بهذا الموضوع، وقد تُرجمت هذه النشرة إلى عدّة لغات. لطلب نُسخة مُترجَمة بلغتكم، يُرجى إرسال رسالة إلكترونية إلى العنوان التالي community@melair.com.au أو الاتصال بنا على الرقم 03 9297 1597.

ᐃᓄᒃᑎᑐᑦ

ᓄᓇᕗᒻᒥ ᑕᒥ ᐃᓂᒃᑲᓐ ᐅᖃᐅᓯᖅ QR ᓄᓇᕗᒻᒥ ᐅᖃᐅᓯᖅᑐᖅ ᓯᓚᑖᓂᖓ ᐅᖃᐅᓯᖅᑐᖅ ᐊᑐᓕᕆᓂᖅ ᐃᓄᒃᑎᑐᑦ. ᐊᑐᓕ ᐊᑕᐅᓯᒪᔪᖅ ᐃᓄᒃᑎᑐᑦ ᐊᑐᓕᕆᓂ